*Бесплатен примерок*

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 67 | Година X | ноември - декември 2015 г. | *Весник на Општина Аеродром*



## ДВОЈНО НАМАЛЕНИ КОМУНАЛИИТЕ ЗА ГРАДБА стр. 3

## ПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА „РУДИ ЧАЈАВЕЦ“ стр. 6-7

## ОТВОРЕН ПРВИОТ ЦЕНТАР ЗА СПОРТ И СПОРТСКИ РАЗВОЈ стр. 28

ДВОЈНО НАМАЛЕНИ КОМУНАЛИИТЕ ЗА ГРАДБА ........ 3

АКТИВНОСТИ ........................................................ 4 - 15

ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ..................... 16 - 17

ОБРАЗОВАНИЕ ................................................. 18 - 19

ТЕАТАР ...................................................................20

ЗАБАВА...................................................................21

ЗДРАВЈЕ ................................................... 22 - 23

СТИЛ ........................................................ 24 - 25

ЖИВОТ...................................................... 26 - 27

СПОРТ....................................................... 28 - 29

ПИСМА ...................................................................30

ИНФО .....................................................................31

**ПРИЕМНИ ДЕНОВИ:**

- **Одделение за даноци, такси и други приходи и Данок на имот** – секој работен ден од 08:30 до 11:30 часот
- **Одделение за урбанизам** – понеделник и вторник од 09:00 до 11:00 часот
- **Комунално одделение** – понеделник од 15:30 до 16:30 часот, четврток и петок од 08:30 до 09:30 часот

Првиот број на весникот „Аеродром" излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

**Редакција**
м-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

**Лектор**
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Дизајн**
Даниела Чабуковска

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Ивица Коневски

**Печати**
Графички центар-Скопје

тираж 30.000 примероци

телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

**Адреса:**
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје

### За привлекување инвестиции во населените места надвор од ГУП-от

# ДВОЈНО НАМАЛЕНИ КОМУНАЛИИТЕ ЗА ГРАДБА

Од 14.10.2015 година жителите на Долно Лисиче ќе плаќаат двојно помали комуналии за градење.

Имено, Советот на Општина Аеродром на 13.10.2015 година на својата 41-ва седница донесе Одлука за намалување на висината на надоместокот за градби во Долно Лисиче и во реонот на патниот правец што ги поврзува Горно и Долно Лисиче, кои се надвор од опфатот на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, за 50 проценти.



Тоа значи дека досегашните комуналии, кои се движеа од 40 до 50 евра во денарска противвредност во зависност од намената на објектот во согласност коефициентот на уредување на градежното земјиште, ќе се намалат на 24 до 25 евра.

Целта на намалувањето на комуналиите е да им се олеснат давачките на граѓаните и да се привлечат нови инвестиции во тој дел на Општина Аеродром.

Намалувањето на надоместокот за градби се однесува на територијата на Долно Лисиче, односно на руралното подрачје надвор од опфатот на ГУП, во согласност со надлежностите на Општина Аеродром што произлегуваат од Законот за градење, а тие се пропишани и во Програмите за уредување на градежно земјиште кои општината ги изготвува на годишно ниво.



АКТИВНОСТИ

# ПРЕМИЕРОТ НИКОЛА ГРУЕВСКИ ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ





Претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, во придружба на градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски, како и неколкумина пратеници, министри и голем број граѓани, на 11.9.2015 година, ја посети Општина Аеродром.



Премиерот Груевски посети неколку населби во Општина Аеродром, како Стар Аеродром, Лисиче, Горно и Долно Лисиче, при што се сретна со жителите на овие места и разговараше за нивните локални проблеми, ветувајќи решенија за повеќето од нив што се однесуваат на подобрување на патната, фекалната, атмосферската и водоводната инфраструктура, како и други нерешени прашања во врска со урбаното живеење како што се проблеми со Катастарот, зеленилото, јавниот превоз итн.





# ПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА „РУДИ ЧАЈАВЕЦ“

На 11.9.2015 година почна реконструкција на улицата „Руди Чајавец“ и нејзините пристапни улици меѓу новите згради во населбата Стар Аеродром во присуство на претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски, како и неколкумина пратеници, министри и голем број граѓани.

Станува збор за обемен проект што опфаќа изградба на нова фекална канализација во должина од околу 400 метри и нова атмосферска канализација во должина од околу 300 метри, потоа изградба на нова водоводна мрежа, како и целосно ново асфалтирање во должина од 700 метри. Новата улица ќе добие и целосна сообраќајна сигнализација. Освен улицата, предвидена е и изградба на тротоари во должина од околу 1.300 метри.

Исто така, на оваа локација ќе се изградат и нови линии за јавно осветлување во должина од околу 600 метри со 30 сијалични места. Сите овие градежни зафати се неопходни за жителите на Стар Аеродром да добијат подобри услови за живеење, олеснет проток на сообраќајот и поголема безбедност. Со реализацијата на овој проект се очекува овој дел од населбата да добие целосно нов и поурбан лик.


ПРЕД

За овој проект, како што рече градоначалникот Коневски, Општина Аеродром издвои над 20 милиони денари од својот Буџет, а ќе бидат вложени и дополнителни 6 милиони денари за изградба на водоводната мрежа.



# СРЕДБИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КОНЕВСКИ СО ГРАЃАНИТЕ









Во текот на септември во основните училишта во Општина Аеродром градоначалникот Ивица Коневски одржа голем број средби со граѓаните од сите урбани заедници на територијата на Општината.

На средбите покрај градоначалникот Коневски, присуствуваа и пратениците Јасминка Дамческа и Драга Данев, претседателот на Советот на Општина Аеродром, Виктор Камилоски, советникот Пане Антовски, како и дел од раководството на секторите за урбанизам, инспекција и комунални работи во Општина Аеродром.

Граѓаните покажаа голем интерес за средбите со градоначалникот, на кои имаа можност да ги изнесат своите проблеми поврзани со урбаното живеење од сферата на комуналните работи, урбанизмот, културата, спортот и други области што ги засегаат и се поврзани со надлежностите на општината. На овие средби исто така можеа да се слушнат и нови идеи и предлози за подобрување на условите за живот во општината.

Градоначалникот Коневски им кажа на граѓаните дека Општината е отворена за соработка и дека сите нивни барања ќе бидат земени предвид и ќе се решаваат во рамки на надлежностите на Општината.





# ВТОРА ФАЗА ОД РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА БУЛЕВАРОТ „ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА“




Град Скопје на 11.9.2015 година официјално ја почна втората фаза од реконструкцијата на булеварот „Трета македонска бригада“ во должина од 1.400 метри и тоа на потегот од улицата „Васко Карангелески“ до улицата „Никола Карев“.

Со проширувањето оваа тесна и нефункционална улица ќе добие 4 сообраќајни ленти (по две ленти во секоја насока), зелен појас од 1,5 метар, велосипедска патека покриена со асфалт и широка 2 метри и тротоар покриен со бекатон плочки со широчина од 3 метри. Ќе се изгради и средишна разделна жардиниера со широчина од 5 метри.

Булеварот Трета македонска бригада е важна сообраќајна артерија што го поврзува центарот на градот со населбата Аеродром. Проширувањето и реконструкцијата на оваа делница во голема мера ќе придонесе за растоварување на сообраќајниот метеж во овој дел од градот, за зголемување на безбедноста во сообраќајот и за намалување на загадувањето на воздухот.

Првиот дел од булеварот „Трета македонска бригада“, на потегот од булеварот „Србија“ до улицата „Фрањо Клуз“, беше проширен минатата година (во септември 2014 година). На делница долга 1.243 метри беше изграден коловоз со четири ленти, нови тротоари и велосипедски патеки, изградена е нова атмосферска канализација, уредено е зеленилото, а поставено е и ново осветлување.



# НОВА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО СТАР АЕРОДРОМ

На 28.10.2015 година официјално беше означен почетокот на изградба на нова водоводна мрежа во населбата Стар Аеродром, со вкупна должина од 1.060 метри.

Станува збор за изградба на ново и квалитетно водоснабдување на улицата „Методија Шаторов – Шарло“ на ниска и висока зона, поточно на потегот од улицата „Коста Новаковиќ“ до улицата „Фрањо Клуз“.

Ќе бидат поставени нови поширoки цевки (фи 160), со што ќе се задоволат потребите на граѓаните, кои живеат во околните згради, односно ќе немаат проблеми со водоснабдувањето.



АКТИВНОСТИ

За подобро урбано живеење

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ ИЗГОТВИ РЕГИСТАР НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ



Општина Аеродром во соработка со Хабитат Македонија неодамна го реализираше проектот за броење на станбените згради на територијата на општината.

Целта на овој проект е формирање регистар на станбени згради и регистар на управители, што е законска обврска на секоја општина.

Дел од податоците од пописот се достапни на општинската веб-страница, http://aerodrom.gov.mk/page/domuvanje, со што ќе бидат на располагање за граѓаните, инвеститорите, потенцијалните купувачи и други заинтересирани лица.

На 22.10.2015 година, пак, во просториите на Општина Аеродром се одржа презентација, на која беа презентирани можностите и условите за подобрување на живеењето во зградите.

Присутните претставници на Заедниците на сопственици се информираа подетално за можностите во станбените згради, а исто така им беше даден на користење и Прирачник за управување со колективните станбени згради.

Како заклучок од средбата произлезе дека сопствениците на станови имаат право да се грижат за својот стан, но и дека имаат должност да се грижат за заедничките делови на зградата. Исто така, станарите треба да ги знаат своите права и обврски поврзани со домувањето, но и почитување на правилата, како и целосно исполнување на обврските, одговорност кон поединечната и заедничката сопственост, со цел секојдневното живеење во колективна станбена зграда да биде поубаво и поквалитетно.

Општина Аеродром и во иднина ќе продолжи активно да соработува и да комуницира со Заедниците на сопственици, преку организирање разни настани и предавања, кои ќе имаат за цел подобрување на живеењето во зградите.



# НАД 200 НОВОРОДЕНЧИЊА ДОБИЈА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ



На 24.9.2015 година градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, со претседателот на Советот на Општината, Виктор Камилоски, доделија над 200 решенија за новородените деца од Општина Аеродром.

Инаку, од почетокот на годинава до сега се доделени околу 400 решенија на новороденчиња.

Во изминатата 2014 година, пак, според бројот на доделени решенија за еднократна парична помош за новороденчиња, Општина Аеродром има 731 нов жител, од кои 405 машки, а 326 женски деца што е потврда на трендот за зголемување на наталитетот во Општината. Општина Аеродром на сите семејства им го честита новиот член и истакнува дека Одлуката за доделување еднократна парична помош во висина од 5.000 денари на семејствата кои имаат принова е со цел да им излезе во пресрет на семејствата за нивните потреби кои доаѓаат со новороденчето.

# КРЕАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ ЗА ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ



Здружението на граѓани за поддршка на лица со посебни потреби СОЛЕМ организира креативни работилници и работилници за самоодредување и самозастапување наменети за лицата со интелектуална попреченост.

На креативните работилници се изучуваат вештини за шиење на машина, рачно шиење, принтање на текстил, принтање на хартија со акрилни бои, декорации од хартија, монистра, гипс и филиграни од хартија.

На работилниците за самоодредување се работи на зајакнување на личноста преку техники за зголемување на самодовербата, доверба, играње улоги, емоции и слично, додека на работилниците за самозастапување пак, се обработуваат теми од интерес на лицата со интелектуална попреченост, а исто така лицата се информираат за своите права и начините како да ги остварат тие права.

Повеќе информации може да се добијат на телефонскиот број 02/246 7551 или со посета на здружението СОЛЕМ во просториите што се наоѓаат на ул. „Владимир Комаров“ 33/1-2.



# ОДРЖАНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ



На 24.9.2015 година во просториите на Општина Аеродром се одржа работилница, на која беа презентирани активните мерки и програми за вработување наменети за претпријатијата, во соработка со Агенцијата за вработување на Република Македонија и членовите на Локалниот младински совет на Општина Аеродром.

На презентацијата беа промовирани позитивните искуства од користењето на достапните мерки и поволности, а беа пласирани и корисни информации за младите претприемачи. Целта на ваквите средби покрај мерките за зајакнување на капацитетите на фирмите, е и да се зајакне соработката меѓу локалните бизниси и институциите.

# ПРЕЗЕНТИРАНИ МОЖНОСТИТЕ ОД БИЗНИС-ИНКУБАТОРОТ



На 1.10.2015 година во просториите на Општина Аеродром се одржа презентација за услугите и поддршката кои ги нуди „јес“ (YES) бизнис-инкубаторот за лица кои сакаат да почнат сопствен бизнис или се на почетокот на развојот на „стартап“ бизниси во областа на информатичките технологии.

Исто така, беа презентирани и дополнителните услуги кои се нудат, како обуки и настани, меѓу кои и Go International - ICT Brokerage Event, кој е Б2Б (Business-to-Business) настан за вмрежување со регионални фирми од областа на информатичките технологии, а кој ќе се одржи на 13-ти ноември во Скопје.

Оваа презентација Општина Аеродром ја организира во соработка со Локалниот младински совет на општината.

Работилница за климатските промени

# НАШИОТ ГРАД ОД НАС ЗАВИСИ

На 13.10.2015 година во просториите на Општина Аеродром се одржа работилница, на која беа презентирани иновативни алатки и методологии, како одговор на растечките предизвици што ги наметнуваат климатските промени.

Цел на оваа средба беше да се обезбеди активно учество на сите страни во зголемувањето на отпорноста на Град Скопје и неговите жители кон климатските промени.

Работилницата се одржа во рамки на проектот „Отпорно Скопје – Стратегија за климатски промени на Град Скопје“.



# ЕКО-АКТИВНОСТИ ЗА ЗДРАВА И ЧИСТА ОКОЛИНА



Во основните училишта од Општина Аеродром неодамна беа реализирани многубројни еко-активности поврзани со проектот „Македонија без отпад“.

За таа цел учениците од одделенска и предметна настава заедно со одделенските и предметните наставници се погрижија за чиста и здрава животна средина со акција за чистење на училишниот двор, уредување на ходниците, собирање стара хартија, чистење на училниците и катчињата за учење, чистење на шкафчињата, клупите, следење презентации, филмови и работилници поврзани со селектирање на отпад, се пишуваа еко-пораки и пароли од страна на учениците, се одржаа едукативни предавања од наставниците за видовите на отпад, штетното влијание на отпадот кон животната средина, со цел кај учениците да се развие свеста за чиста и здрава околина која е услов за здрав живот.

Четири училишта од Општина Аеродром добија признанија за екологија

## „РЕЦИКЛИРАЊЕ?! - КАЖИ ДА!“

Основните училишта „Гоце Делчев“ и „Браќа Миладиновци“ освоија прво место, ОУ „Александар Македонски“ второ, додека ОУ „Лазо Ангеловски“ трето место во проектот „Рециклирање?! - КАЖИ ДА!“. Овие четири училишта од Општина Аеродром добија признанија од Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување „Пакомак“ и Шпаркасе банка Македонија.



# УРБАНИ ГРАДИНИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Во текот на септември во сите објекти на градинката „Срничка“ се направени нови, урбани градини, прилагодени на потребите на малите деца.

Децата континуирано садат сезонски растителни култури и ги облагородуваат дворовите по еко-стандарди, со што придонесуваат за чиста и здрава околина.

Неодамна, во објектот „Изворче“ децата насадија лук, жалфија и босилек со помош на градинарските алатки донирани од УНИЦЕФ.



Со здрава храна до поздрави деца

# „ШТО ЌЕ ЈАДЕМЕ ДЕНЕС?“

На 16.10.2015 година децата од детската градинка „Буба Мара“ го одбележаа Меѓународниот ден на здрава храна и го промовираа Упатството за здрава храна (за воспитувачи).

Со децата на возраст од 4 до 5 години се реализираше активност „Што ќе јадеме денес“. Врз основа на менито во детската градинка се реализираше воспитно-образовна активност за запознавање на децата со производите кои се потребни за да се направи појадок, ручек и ужина. Потоа преку забавна игра го идентификуваа и опишуваа овошјето и зеленчукот со што децата повторно имаа можност сетилно да го почувствуваат овошјето.

Исто така, дечињата од градинката „Срничка“, од објектите „Црвенкапа“ и „Бамби“ посетија еден од блиските маркети и самостојно правеа избор на здрава и помалку здрава храна при пазарењето. Воедно, на потрошувачите им делеа летоци поврзани со здравиот начин на исхрана и рецепти за здрава храна.



Светски ден за заштита на озонската обвивка

# ДАЛИ ЗНАЕШ КАДЕ Е МОЕТО МЕСТО?

На 16.9.2015 година децата од ЈУДГ „Буба Мара“ го одбележаа Светскиот ден за заштита на озонската обвивка, преку едукативно предавање на тема „Дали знаеш каде е моето место“.

Децата активно учествуваа во предавањето, кое беше спроведено од страна на компанијата „Нула отпад“ од Скопје.

Целта на оваа активност е да се привлече вниманието за важноста од зачувување на озонот и поттикнување на најмалите да учествуваат во тоа.



# ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ

Драги читатели, Општина Аеродром од неодамна Ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во Ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од Вас сликани во неа, од Вашите најслатки, најоткачени и најсреќни деца, миленичиња, оние кои Ви ја смеат душата, едноставно, сѐ што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот:

vesnik@aerodrom.gov.mk

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО!**

**ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.**



Бои на есента - Ксенија Тодорова



Виножито над Sky City - Николчо Димевски



Ѕуница - Љубица Манчевска



Празник - Филип Кокароски



Виножито - Марјан Ѓоргиев



Виножито над параклисот Богородица - Аница Пенова



Свети Илија - Горан Јакимовски



Панорама на Аеродром - Фоте Брзовски

Според Државниот просветен инспекторат

# „ЉУБЕН ЛАПЕ“ ЕДНО ОД ОСУМТЕ НАЈДОБРИ УЧИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА

ООУ „Љубен Лапе“ е едно од осумте најдобри училишта во Македонија за учебната 2014/15 година, според Државниот просветен инспекторат при Министерството за образование и наука, кој веќе седум години го оценува квалитетот на училиштата.

Преку интегралната евалуација оценката на секое училиште се дава со темелна проверка на седум подрачја, и тоа: наставни планови и програми, постигнувањата на учениците, учење и настава, поддршка на учениците, училишна клима, ресурси и управување, како и раководењето со училиштето.

Како силни страни на оценетите училишта се наведуваат: зголемена примена на ИКТ во наставата, како резултат на проектот „Компјутер за секое дете“, потоа зголемен број на ученици кои учествуваат на натпревари организирани од акредитирани здруженија, а зголемена е и реализацијата на часови по физичко воспитување, што според инспекторите, е одраз на изградбата на спортски сали и опремувањето со спортски реквизити.



# „БУБА МАРИТЕ“ ЈА ОДБЕЛЕЖАА ДЕТСКАТА НЕДЕЛА



Дечињата од градинката „Буба Мара“ со низа активности ја одбележаа Детската недела и се запознаа со своите права, учествуваа во музички хепенинзи, а исто така, беше организирана и ликовна галерија „Порака до сите деца во светот“.

Во рамки на активностите за одбележување на неделата на децата на 5.10.2015 година децата со најголемо воодушевување и насмевка го пречекаа познатиот пејач Даниел Кајмакоски, во друштво на Дарко Димитров, кои заедно пееја познати рефрени и се забавуваа.

Меѓународен ден без автомобили

# НА ДВЕ ТРКАЛА ОД НАЈМАЛИ НОЗЕ

На 22.9.2015 година дечињата од градинките „Буба Мара“ и „Срничка“ преку едукативно предавање, гатанки, ликовна активност, како и со забавни игри во натпреварување во возење велосипед, трчање и брзо одење, го одбележаа Светскиот ден без автомобили.

Целта на оваа активност е да се поттикнат децата почесто во слободното време да возат велосипед, ролерки, тротинет, како и да ги користат автобусите како превозни средства.







# БЕСПЛАТНИ РАБОТНИ ЛИСТОВИ ЗА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

„Од нас за вас“ е насловот на работните листови, кои деновиве на дечињата од градинката „Срничка“ им беа поделени бесплатно со цел да им помогнат во нивното созревање и да се развиваат со сопствено темпо.

Работните листови се базираат на стандардите за рано учење и развој и ги следат современите трендови во развојот на педагошката теорија и практика, а ги изработија самите воспитувачи како стручен кадар и како резултат на нивната долгогодишна посветеност на развојот на децата.



Работните листови се конципирани во два дела. Првиот дел е наменет за деца од 4 до 5 години, а вториот дел за деца од 5 до 6 години и служат како дополнителни материјали за реализација на воспитно-образовните активности во воспитните групи, покрај редовните прирачници и списанија за деца.

Градинката „Срничка“ обезбеди 750 бесплатни примероци од работните листови за секое дете од соодветната возраст и веќе се применуваат во воспитно-образовната работа во сите возрасни групи и објекти на градинката.




# ОТВОРЕНО ПРВОТО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ ВО АЕРОДРОМ



www.credoschoolofmusic.com

Неодамна зад ТЦ „Капитол“ се отвори првото музичко училиште во Општина Аеродром „Кредо“ (CREDO School of Music), кое е сертифицирано од познатата канадска школа „Спалдинг метод“, со наставници, кои се професионални музичари.

Музичкото училиште е наменето за почетници, аматери, и професионалци од сите возрасти и има соодветна програма за индивидуално и групно музицирање. Училиштето, исто така, организира и концерти, на кои се презентираат достигнувањата на учениците во текот на училишната година.

Во рамки на училиштето постојат повеќе катедри како соло пеење, клавишни инструменти, жичани и ударни инструменти, чија програма опфаќа од класична музика до поп, рок и џез, меѓу кои засега најпопуларни меѓу учениците се пијано, гитара, виолина, пеење и тапани.



# ПАТУВАЊЕ НА ФРАНЦУСКАТА КНИГА

Неколку ученици од ООУ „Лазо Ангеловски“ на 10.9.2015 година учествуваа на саемот на детска книжевност на француски јазик во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“.

Манифестацијата се состоеше од забавни и едукативни активности на француски јазик, книжевни работилници, како и литературни катчиња, а имаше за цел кај децата да вроди љубов кон книжевноста и јазиците.

ТЕАТАР „Безљубни“

# ПРИКАЗНА ЗА ЉУБОВТА И ЗА НЕЈЗИНОТО ОТСУСТВО

*„Безљубни“ е приказна за пет ликови – Вистинската, Вистинскиот, Погрешната, Погрешниот и Љубовникот, кои стануваат заложници на самите себе, заложници на одрекувањето од единствената битна работа – љубовта*

„Безљубни“ е приказна за љубовта и за нејзиното отсуство. Приказна за овој опредметен свет во кој и се робува на материјата, за ненаситноста, за желбата да се биде материјално богат, заборавајќи да се биде добар, за луѓето кои како мрзливци ја преполнуваат својата уста со храна и пак не им е доста, за тркалото во кое се вртат, а не гледаат дека никаде не стигнуваат.

„Безљубни“ е приказна за пет ликови – Вистинската, Вистинскиот, Погрешната, Погрешниот и Љубовникот, кои стануваат заложници на самите себе, заложници на одрекувањето од единствената битна работа – љубовта. Затекнати во своите лаги, затекнати во комотноста на привидот, отуѓени, отруени од горчливоста на нивните лоши избори, тие тргнуваат по разрешница на таквата позиција. Во таа партија шах, некои ќе загубат глава, некои ќе добијат предност, но на крајот љубовта е таа која на сите ќе им го зададе шах-матот.



„Безљубни“ е одговор на овој испразнет од вредност свет, одговор на несогласување и непомирување и крик за вистина, крик за љубов – зашто и сè да имаш, ако немаш љубов – ништо не си.

„Безљубни“ е претстава, во која ќе видите одлична актерска игра, ќе уживате во визуелниот и музички изнијансиран амбиент, ќе се расплачете, ќе се насмеете, можеби и ќе се опцуете – но едно е јасно - „Безљубни“ е претстава што гарантирано нема да ве остави рамнодушни.

Во претставата играат Димитрија Доксевски (Вистинскиот), Сања Арсовска (Вистинската), Златко Митрески (Погрешниот), Наташа Петровиќ (Погрешната) и Александар Степанулески (Љубовникот).

Текстот на драмската писателка Благица Секулоска „Безљубни“,е трета премиера оваа година во Драмски театар. Овој текст беше награден на конкурсот на Македонскиот народен театар пред четири години, а драмата „Безљубни“ беше прогласена за најдобар драмски текст оваа година на меѓународниот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“.





ГОЛЕМИТЕ УМОВИ РАСПРАВААТ ЗА ИДЕИ.
СРЕДНИТЕ УМОВИ РАСПРАВААТ ЗА НАСТАНИ.
МАЛИТЕ УМОВИ РАСПРАВААТ ЗА ЛУЃЕТО.

ЕЛЕОНОР РУЗВЕЛТ

„АКО САКАШ ДА ЈА ЗНАЕШ ПРАВАТА ВРЕДНОСТ НА ПАРИТЕ, ОБИДИ СЕ ДА ГИ ПОЗАЈМИШ НА НЕКОГО“

*БЕНЏАМИН ФРЕНКЛИН*






**ВИЦ НА МЕСЕЦОТ**

## ТРОТОАР

- Како се вика тротоар на скопски?
- Паркинг.




Татко и син – **00:00:34,**
Мајка и ќерка – **00:45:23**
Девојка и момче – **01:54:32**
Пријателки – **02:35:46**
Маж и ѕвони на жена си – **00:00:05**
Жена му ѕвони на мажот –
**16 ПРОПУШТЕНИ ПОВИЦИ**

МУДРОСТИ

КОГА ЌЕ ЈА ИЗГУБИШ ПОСЛЕДНАТА ШАНСА ПАТ ЗА ВРАЌАЊЕ НЕМА.

•

НЕ Е ИСТО КОГА ЧОВЕКОТ Е ВО ПУСТИНА И КОГА ПУСТИНАТА Е ВО ЧОВЕКОТ!



ЗДРАВЈЕ

Термички обработена храна – да или не?

# СО ГОТВЕЊЕ СЕ УНИШТУВААТ МИКРООРГАНИЗМИТЕ И ЕНЗИМИТЕ



**Индустриската храна како што се кашичките и сокчињата за бебиња, конзервите, разни пудинзи, вегети, прашок за пире, кечапи, мајонези, пастеризирани сокови и млеко по својот состав се со целосно уништени нутритивни вредности**

**Силвана Ѓорѓиевска,**
нутриционист

Во природата живите организми во себе содржат ензими. Ензимите ги има во човечкото тело, кај животните и растенијата. Тие претставуваат биокатализатори, забрзувачи на процесите на дигестија на храната, а при тоа не се менуваат и со нивна помош се одвиваат сите реакции во еден жив организам. Чувствителни се на температура над 47 Целзиусови степени, што значи тие постојат во храната што ја јадеме и доколку таа се стави на температура на вриење настанува уништување на ензимите.

Термички обработената (процесирана) храна настанала со цел да трае подолго, да добие подобар вкус, изглед и мирис. Со самото готвење се уништуваат микроорганизмите и ензимите, кои ја расипуваат храната. Многу малку или скоро целосно се уништени витамините, а минералите се згуснуваат и од таа прекрасна природна храна остануваат само тие како еден добробит за човечкото тело. Во конзервираната, пастеризираната и стерилизираната храна се додаваат и адитиви, кои се генотоксични и неуротоксични и влијаат како наследни фактори на следните генерации, па така настануваат генетски заболувања и влијаат на мозокот со што се намалува интелигенцијата. Самите адитиви, според Светската здравствена организација, не се токсични, но во поголеми количини и со секојдневна употреба го трујат организмот, особено младиот човек кој подлегнува на разни болести.

Индустриската храна како што се кашичките и сокчињата за бебиња, конзервите, разни пудинзи, вегети, прашок за пире, кечапи, мајонези, пастеризирани сокови и млеко по својот состав се со целосно уништени нутритивни вредности. Со нивно консумирање во организмот се создава слуз, а нашиот дигестивен систем се обидува да го исфрли, но доколку нема доволно ензими отровите се трупаат и остануваат стационирани и непотребни. Дебелината е резултат на употребата на индустриската храна и не е ни чудо што во светот и кај нас прекумерната телесна маса е главен проблем меѓу населението. Освен дебелината се јавуваат кардиоваскуларните заболувања, дијабетесот, канцерот и слично.

Млекото се стерилизира и пастеризира на температура повисока од 90 Целзиусови степени за да се уништат бактериите и да не се расипе, но со тоа се уништува и сè што е хранливо. Малите деца го обожаваат млекото, но како и нивните мајки не знаат дека пијат мртво млеко, кое создава опструкции, покачена температура како резултат на одбраната на организмот од бактерии и паразити. Нетолеранцијата на казеинот, која настанува уште кај малите деца е природен процес, во кој престанува создавањето на ензимот лактоза кој го помага варењето на млечните производи. Млекото е потребно да се пие само додека мајката го дои детето. Во природата ниту едно цицалче не консумира млечни производи откако ќе помине периодот на лактација. Сите животни (особено питомите) се насочени кон консумирање растителна храна и имаат цврсти коски. Доколку се премине на свежо цедени сокови и сурово овошје, зеленчук, јатки и семиња, регенерацијата претставува неминовен процес и создавање здрав организам.



**Рејувелак:** Претставува најприроден пребиотик од растително потекло и овозможува подобра дигестија и создавање на Б витамините, а од нив најважен е Б–12 витаминот, кој со негов недостаток ја предизвикува перциозната анемија – слабокрвност. Здрава цревна флора се овозможува со пребиотиците (од растително потекло) и пробиотиците (од животинско потекло). Како замена може да се употребува и сурутка од козјо млеко, а во продавниците за здрава храна ја има во вид на прав. Рејувелакот се прави со интегрална житарка како што се пченица, 'рж, јачмен и просо: еден филџан од житарките се става во тегла и се потопува до горе со вода да отстои 24 часа, потоа се премива 2 - 3 пати на ден сè додека не пушти 'ркулци најмалку 0,5 мм. 'Ртените зрна се потопуваат во 4 филџани вода и се остава да ферментира 'ркулецот 2 - 3 дена. Се добива бела замаглена течност, благо газирана, а ако на врвот има пена се отстранува со лажица. Се процедува и се става во стаклена тегла во фрижидер. Се пие по една чаша на ден. Да не се остава да стои повеќе од 5 дена зашто ги губи вредностите. Вкусот е малку тежок и не може секој да го пие.

**Ајварот:** Се вели дека е дар од боговите на ова наше македонско поднебје. Самите црвени пиперки содржат: бетакаротини, Б витамини, Ц витамин, Е витамин, флавониди, калиум, калциум, фосфор, железо, содржи капсацин што го зголемува нивото на хистаминот во крвта, кој е главен одбранбен систем против ревматските заболувања. Со печењето се уништува еден дел од овие витамини, а минералните материи остануваат. Најголемиот проблем што го прави ајварот токсичен и штетен е моментот кога зејтинот се става на точка на вриење. Без разлика кое и да е зготвено јадење, доколку се прави запршка и се зоврива зејтинот настанува создавање на најлошите транс-масни киселини, кои предизвикуваат зголемување на лошиот холестерол со честа употреба.



# ФЕНГ ШУИ ПРАВИЛА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ДОМОТ

За фенг шуи честопати луѓето мислат дека е начин на уредување на домот, кој содржи многу мистичност во себе. Фенг шуи е, всушност, еден вид уметност и наука за живеењето и работењето во правилно уредено опкружување.



## ОСЛОБОДЕТЕ СЕ ОД ВИШОКОТ МЕБЕЛ!

Одржувајте го станот уреден и без непотребни парчиња мебел. Предметите расфрлани по подот, како и прашината и нечистотијата го спречуваат протокот на енергија во домот. Исфрлањето на вишокот предмети и темелното чистење на домот симболизираат нов почеток.

## СВЕЖИОТ ВОЗДУХ Е ЗАДОЛЖИТЕЛЕН!

Застарениот воздух во просториите е лош за вашата енергија. Практикувајте големи прозорци и редовно проветрување.

## РАСТЕНИЈАТА ГО ПРОЧИСТУВААТ ПРОСТОРОТ!

Ставете зелени растенија по собата, но гледајте да бидат во баланс со другите предмети. Собните растенија ќе го разубават вашиот животен простор, ќе го подобрат квалитетот на воздухот. Тие ги впиваат штетните материи и внесуваат исцелителна енергија.

## ОГЛЕДАЛАТА ГО ПРОШИРУВААТ ПРОСТОРОТ!

Огледалата создаваат илузија на вашиот простор, па се одлични за канцеларии и ходници. Исто така, внесуваат и светлина во домот.

## ЧАСОВНИК!

Треба да стои правилно, сместен во кујна или дневна соба. Во ходникот не се препорачува.

## НАПРАВЕТЕ ВАШАТА СПАЛНА СОБА ДА Е МЕСТО ВО РАЈОТ!

Во спалната соба енергијата треба во исто време да биде и смирувачка и возбудлива. Исфрлете ги електричните апарати и креирајте апсолутно опуштена атмосфера. Под креветот не треба да имате ништо, за енергијата да може да циркулира правилно. Спалната соба треба да биде обоена во меки бои кои и одговараат на вашата енергија за да може мирно да се одморите. Таа никогаш не треба да биде обоена во црвено.

## КУЈНАТА ЗНАЧИ ЗДРАВЈЕ!

Кујната е една од најважните соби во домот според фенг шуи. Храната што се приготвува во неа го определува квалитетот на животот и силно се рефлектира на благосостојбата. Сè почнува со шпоретот. Од фрижидерот и шпајзот отстранете ги сите работи, чиј рок на траење веќе поминал или работи кои не планирате повеќе да ги употребувате. Шпоретот и кујнските елементи секогаш треба да бидат чисти, а најдобро е да се чистат со природни средства за чистење.

## СООДВЕТНО УРЕДЕНА ТРПЕЗАРИЈА ОВОЗМОЖУВА ДОБРА КОМУНИКАЦИЈА!

Кружна, овална и октагонална маса поставена во трпезаријата е многу посоодветна отколку коцкастата или правоаголна, бидејќи нема остри рабови кои ги раздвојуваат луѓето.



## БАЛАНС ВО ВАШАТА ДНЕВНА СОБА!

Поминувајте го денот во вашата дневна соба! Затоа и го добила ова име! Вашата дневна соба треба да дава чувство на свежина и живот во неа.

## ОСЛОБОДЕТЕ ГО ГЛАВНИОТ ВЛЕЗ!

Главниот влез е место на влез на енергијата во вашиот дом. Затоа отстранете ги од тоа место сите непотребни предмети како што се саксии, канти за ѓубре и слично. Доколку сте во можност, поставете растение на влезот на ходникот за да го забави одливот на енергијата.

## ИЗБОР НА МЕБЕЛ!

Според фенг шуи, во домот подобро е да има нов мебел отколку старински мебел од антикварница. Ова особено важи доколку не сте експерт за старински мебел, бидејќи со внесување стари предмети во домот може да се внесе лоша енергија.



# ЖЕНСКИОТ ХОР ОД АЕРОДРОМ „РУСТИКО“ ПРВИ ВО ЕВРОПА



Женскиот хор од Аеродром „Рустико“, под уметничко раководство на маестро Запро Запров, го освои првото место во фолклорната категорија за женски хорови на единаесеттиот меѓународен натпреварувачки хорски фестивал „Ин канто сул гарда“ во конкуренција на хорови од Норвешка, Шведска, Данска, Италија и други европски држави.

Овој хорски фестивал се одржа во малото живописно гратче Рива дел Гарда на северниот брег од езерото Гарда, во Италија од 10-ти до 14-ти октомври.

Хористките од „Рустико“ во фолклорната категорија изведоа дела од македонски автори како „Дафино вино црвено“, „Селска свита“ и „Корјо гидија“.

Деновиве на својата веб-страница реномираниот меѓународен хорски фестивал „Лауреа мунди Будапест“ ја објави веста дека женскиот хор „Рустико“ е номиниран за директно учество во големото финале наредната година што е привилегија и чест резервирана за најдобрите светски хорови кои се карактеризираат со високо уметничко ниво и со постигнати исклучителни резултати на меѓународните хорски натпревари и фестивали.

# ОТВОРЕН ПРВИОТ ЦЕНТАР ЗА СПОРТ И СПОРТСКИ РАЗВОЈ



Во септември во Општина Аеродром се отвори првиот Центар за спорт и спортски развој „Хит енд ран“(„Hit & Run“) по теркот на спортските центри во западноевропските земји.

Основната програма на Центарот за спорт и спортски развој ја сочинуваат од два до четири тренинзи неделно во траење од 60 минути, кои се насочени кон развој на моторичките способности, социјален и емотивен развој и превенција на телесни деформитети.

Со програмата на „Хит енд ран“ децата се учат на правилно држење на телото, одење, трчање и сите други природни облици на движење, а сето тоа низ вежби и елементарни игри приспособени на возраста, полигони, штафетни игри и забава. Програмата е базирана на најновите научни сознанија од областа на здравствената превентива, спортот, педагошката практика и методика на спортскиот час.

Тренинзите ги водат дипломирани професори и тренери на Факултетот за физичка култура.

Дополнителна гранка во Центарот е превенцијата на телесни деформитети со оглед на тоа што децата сè повеќе време поминуваат играјќи видеоигри и гледајќи телевизија, што претставува еден од основните и потенцијални причинители за појава на разни видови телесни деформитети и прекумерна телесна тежина.

Повеќе информации може да се добијат на интернет страницата www.hitandrun.mk.



# ЧЕТВРТ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „СКОПЈЕ 2015“

Со финалниот натпревар на најдобрите две од вкупно 40 екипи во преполниот со публика Спортски центар „Ново Лисиче“, на 24.9.2015 година заврши четвртиот по ред турнир во мал фудбал „Скопје 2015“.

Најдобра екипа беше ГОСВ Транс, второто место го освои екипата ЕБР Полиција, а трет беше тимот на Колид. За најдобар играч на турнирот беше прогласен Никола Јовановски, а за најдобар голман - Едо Прелевиќ. Покрај медалите и пехарите, победниците добија и парични награди и спортска опрема.



Наградите свечено ги доделија градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски, кои порачаа дека турнирот ќе продолжи да се организира и наредните години и ќе прерасне во традиција, со оглед на огромниот интерес како на учесниците, така и на публиката.

Турнирот го организираа Општина Аеродром, Град Скопје и Училишниот спортски клуб „Блаже Конески“, кои ги обезбедија наградите за победниците.





СПОРТ

# ТЕРМИНИ ЗА СПОРТ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

## ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок | сабота | недела |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12:00 – 13:00 | | | | | | игроорна – „Скопје“ | |
| 16:00 – 17:00 | одбојка – „Аеродром Воле“ | одбојка – „Аеродром Воле“ | одбојка – „Аеродром Воле“ | одбојка – „Аеродром Воле“ | | | |
| 17:00 – 18:00 | ракомет – „Кастратовиќ“ | | ракомет – „Кастратовиќ“ | | ракомет – „Кастратовиќ“ | | |
| 18:00 – 19:00 | | игроорна – „ФА Вапцаров“ | | игроорна – „ФА Вапцаров“ | | аеробик – „Фит Оне“ | аеробик – „Фит Оне“ |
| 19:00 – 20:00 | игроорна – „Скопје“ | | игроорна – „Скопје“ | | | | аеробик – „Атлета“ |
| 19:00 | ликовно цртање – „Дидактон“ | | | | | | |
| 20:00 – 21:00 | аеробик – „Фит Оне“ | аеробик – „Фит Оне“ | аеробик – „Фит Оне“ | аеробик – „Фит Оне“ | КСН „Консалтинг“ | | |
| 21:00 – 22:00 | КСН „Консалтинг“ | аеробик – „Атлета“ | КСН „Консалтинг“ | аеробик – „Атлета“ | рекреативно – Краш комерц | | |
| 22:00 – 23:00 | | рекреативно – Полар кејт | | | | | |

## ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
|---|---|---|---|---|---|
| 16:00 – 17:00 | | кошарка - МЗТ | | кошарка - МЗТ | |
| 18:00 – 21:00 | | јога – Центар за јога и личен развој | | јога – Центар за јога и личен развој | |
| 20:00 – 21:00 | екстрим аеробик | | екстрим аеробик | | екстрим аеробик |

## ООУ „ЉУБЕН ЛАПЕ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок | сабота |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 09:00 – 12:00 | | | | | | кошарка - МЗТ |
| 17:30 – 19:30 | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | |
| 19:30 – 20:30 | ракомет – РК „Металург“ | карате – КК „Самурај“ | ракомет – РК „Металург“ | карате – КК „Самурај“ | карате – „Мак Вадо“ | |
| 20:30 – 21:30 | одбојка – ОК „Аеродром Волеј“ | карате – „Мак Вадо“ | одбојка – ОК „Аеродром Волеј“ | карате – КК „Самурај | | |

## ООУ „АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок | сабота | недела |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19:00 – 20:00 | пилатес, аеробик – „Боди Лајн“ | пилатес, аеробик – „Боди Лајн“ | пилатес, аеробик – „Боди Лајн“ | пилатес, аеробик – „Боди Лајн“ | пилатес, аеробик – „Боди Лајн“ | пилатес, аеробик – „Боди Лајн“ | |
| 18:45 – 19:45 | | одбојка – „Фокс Волеј“ | | одбојка – „Фокс Волеј“ | одбојка – „Фокс Волеј“ | | |

## ООУ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок | сабота | недела |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10:00 – 14:00 | | | | | | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ |
| 14:00 – 15:00 | | | | | | одбојка – Фокс Волеј | |
| 18:30 – 19:30 | одбојка – Фокс Волеј | | одбојка – Фокс Волеј | | | | |
| 18:00 – 19:00 | | | | | | аеробик – „ФИТ ОНЕ“ | зумба – „ФИТ ОНЕ“ |
| 18:30 – 19:30 | игроорна – ФА „Вапцаров“ | | игроорна – ФА „Вапцаров“ | | | | |
| 19:00 – 20:00 | | | | | | | боречки вештини - Гладијатор |
| 19:30 – 20:30 | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | | |
| 19:30 – 20:30 | пилатес – „ФИТ ОНЕ“ | аеробик – „ФИТ ОНЕ“ | зумба – „ФИТ ОНЕ“ | пилатес – „ФИТ ОНЕ“ | | | |
| 20:30 – 21:30 | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | | |
| 21:30 – 22:30 | боречки вештини – Д Стронгест | боречки вештини - Гладијатор | боречки вештини – Д Стронгест | боречки вештини - Гладијатор | | | |

## ООУ „ДИМИТАР МАКЕДОНСКИ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
|---|---|---|---|---|---|
| 17:30 – 20:30 | кошарка – МЗТ | | кошарка – МЗТ | | кошарка – МЗТ |
| 19:00 – 20:00 | | одбојка – СК Мастер Волеј | | одбојка – СК Мастер Волеј | |
| 19:30 – 20:30 | Реално аикидо – СК „Вардар“ | | Реално аикидо – СК „Вардар“ | | |

## ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
|---|---|---|---|---|---|
| 16:00 – 17:00 | кошарка – МЗТ | | кошарка – МЗТ | | кошарка – МЗТ |
| 18:00 – 21:00 | | кошарка – МЗТ | | кошарка – МЗТ | |

## ООУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
|---|---|---|---|---|---|
| 17:30 – 18:30 | ракомет – „Металург“ | одбојка – „Мастер Волеј“ | ракомет – „Металург“ | одбојка – „Мастер Волеј“ | |
| 18:30 – 19:30 | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ |
| 19:30 – 20:30 | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ |
| 19:30 – 20:30 | традиционални кинески вежби – „Јинг Јанг“ | мечување – „Ан Гард“ | традиционални кинески вежби – „Јинг Јанг“ | мечување – „Ан Гард“ | |
| 20:30 – 21:30 | карате – „Аеродром“ | рекреација – Водовод (синдикат) | карате – „Аеродром“ | Здружение на рекреативци | карате – „Аеродром“ |
| 21:30 – 22:30 | Здружение на рекреативци | | рекреација – Агенција за храна | рекреација – здружение Виктор Димитров | рекреација – Завод за статистика |
| 22:30 – 23:30 | | | | рекреација – Горан Кукуноски | |

## БЛАГОДАРНОСТ ЗА УСПЕШНО ЗАВРШЕНАТА РАБОТА

**Почитувани,**
Ве молам да ни одговорите кој е надлежен за одржување на чистотата и уреденоста на просторот, околу зградата на улица „Февруарски поход“ број 24? Како што може да се забележи од сликите во прилог, до сега никој не водел грижа. Однапред Ви благодариме за одговорот.

**Со почит,**
**Ј.И.**





**Почитувани,**
Вашето барање е доставено до нашето комунално одделение. Од таму Ве известуваат дека за кратко време просторот ќе биде среден.

**Со почит,**
**Општина Аеродром**

**Почитувани,**
Би сакал да ја искажам мојата благодарност за успешно завршената работа, што е видливо од сликите во прилог.

**Ј.И.**

## НАСКОРО ПРИСТАПНА УЛИЦА ОД „ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА“ КОН НОВИТЕ ЗГРАДИ

**Почитувани,**
Ве молам за одговор кога ќе почне изградбата на пристапната улица за зградата на булеварот „Трета македонска бригада“ број 43. Во овој момент влегуваме во зградата со сообраќаен прекршок, тотално небезбедно, полиција често чека во заседа и дали треба да има жртви за да почнете со преземање одговорност за граѓаните кои транзитираат на овој дел.

**Л.А.**

**Почитувани,**
Би сакале да Ви изразиме благодарност што се обративте до Општина Аеродром и да Ве информираме дека ни претставува особена чест што ни ја укажавте Вашата доверба. Ве известуваме дека по добивањето на Вашето писмо, тоа веднаш беше препратено до Одделението за комунални работи, од каде Ве информираат дека во моментов, на овој потег почнува да се гради атмосферската канализација, по што веднаш ќе се пристапи кон изградба на улицата.

**Со почит,**
**Општина Аеродром**

## САНИРАНА ДУПКАТА КАЈ ОУ „ЉУБЕН ЛАПЕ“

**Почитувани,**
Ќе ве замолам да ја санирате дупката кај ОУ „Љубен Лапе“ што се наоѓа на самиот влез на паркингот, а никако не може да се избегне, бидејќи е на самиот влез и е многу голема. Со оглед на тоа што ова училиште е прогласено за едно од најдобрите училишта во Македонија, мислам овој недостаток треба да се отстрани. Колите ги кршиме секој ден за работа што не треба многу време и финансии да се санира.

**К.Д.**

**Почитувани,**
Вашето барање е доставено до нашето комунално одделение. Од таму Ве информираат дека веќе е даден налог за санирање на ударната дупка, односно таа ќе биде санирана во најкраток можен рок. Ви благодариме што ни го посочивте овој проблем,

**Со почит,**
**Општина Аеродром**

## СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

| | |
|---|---|
| Итна медицинска помош | 194 |
| Пожар и елементарни непогоди | 193 |
| Центар за известување и тревожење | 195 |

### Градинки

| | |
|---|---|
| Срничка | 2455 512 |
| Буба Мара | 2434 530 |

### Основни училишта

| | |
|---|---|
| Блаже Конески | 2469 746 |
| Браќа Миладиновци | 2460 479 |
| Ѓорѓија Пулевски | 2455 510 |
| Љубен Лапе | 2450 220 |
| Лазо Ангеловски | 2430 324 |
| Димитар Македонски | 2440 011 |
| Гоце Делчев | 2438 288 |
| Александар Македонски | 6152 513 |

### Средни училишта

| | |
|---|---|
| Владо Тасевски | 2464 123 |
| Димитар Влахов | 2464 590 |
| Марија Кири Склодовски | 2452 189 |

### Библиотеки

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2466 474 |
| Кирил Пејчиновиќ | 2450 449 |
| Рајко Жинзифов | 2443 450 |

### Цркви

| | |
|---|---|
| Света Тројца | 2763 337 |
| Свети Петар и Павле | 2439 722 |
| Свети Пророк Илија | 2460 825 |

### Полиција 192

| | |
|---|---|
| ПС Аеродром | 2432 362, 3142 408 |
| ПС Драчево | 2763 330, 2794 111 |
| ПС Кисела Вода | 3223 410, 3142 403 |

### Амбуланти

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Лисиче | 2440 810 |
| Пелагонија | 2460 478 |

### ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| | |
|---|---|
| Централа | 2400 970 |
| Пријавница | 2401 511 |
| Контакт со граѓани | 2401 555 |
| Локален економски развој | 2401 542 |
| Правна служба | 2401 556 |
| Човечки ресурси | 2401 538 |
| Урбанистички планови | 2401 529 |
| Осветлување | 2401 533 |
| Комунална инспекција | 2401 521 |
| Градежна инспекција | 2401 521 |
| Инспекција за домување | 2401 521 |
| Финансии | 2401 513 |
| Буџет | 2401 536 |
| Сметководство | 2401 535 |
| Даноци, такси и други приходи | 2401 537 |
| Данок на имот | 2401 553 |
| Јавни набавки | 2401 548 |
| Образование и култура | 2401 517 |
| ИТ | 2401 530 |
| Социјална заштита | 2401 518 |
| Архива урбанизам | 2401 525 |
| Совет на Општина Аеродром | 2401 512 |
| Инспекција | 2401 522 |
| Животна средина | 2401 552 |
| Урбанизам | 2401 528 |
| | 2401 529 |
| | 2401 545 |
| Комунално одделение | 2401 532 |
| | 2401 534 |
| | 2401 540 |

### Јавно осветлување

| | |
|---|---|
| ЕВН | 3205 000 |
| „Елтра“ | 2763 838 |

### Јавни претпријатија

| | |
|---|---|
| ЈП „Водовод и канализација“ | 2443 129 |
| | 2469 844 |
| ЈП „Паркови и зеленило“ | 2464 272 |
| ЈП „Комунална хигиена“ | 3216 644 |
| | 075/506 090 |
| Оџачарски услуги | 2440 293 |

